# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.3/25 од 28.02.2025 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба*   *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

# СОДРЖИНА

1. Заклучок за објавување на Решение за неусвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година........ 2
2. Решение за неусвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година........ 3
3. Заклучок за објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Росоман за 2025 година........ 4
4. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Росоман за 2025 година........ 5
5. Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 1.3 од утврдениот дневен ред, Предлог – Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци........ 6
6. Заклучок по однос на точка 1.3 од утврдениот дневен ред, Предлог – Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци........ 7
7. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година........ 8
8. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година........ 9
9. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно – техничкиот персонал во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година........ 10
10. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно – техничкиот персонал во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година........ 11
11. Заклучок за објавување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Росоман, општина Росоман........ 12
12. Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Росоман, општина Росоман........ 13
13. Заклучок за објавување на Решение за давање на согласност на Програмата за организација и реализација на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за учебната 2024/2025 година........ 16
14. Решение за давање на согласност на Програмата за организација и реализација на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за учебната 2024/2025 година........ 17
15. Заклучок за објавување на Решение за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година........ 18
16. Решение за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година........ 19

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за неусвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, донесено на 50-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 28.02.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 194/1.1**
**03.03.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 9 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 50-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА НЕУСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА РОСОМАН ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД (КУМУЛАТИВНО) ЗА КВАРТАЛ ОД 01.01.2024 ГОДИНА ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

1. Со ова Решение не се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година (четврт квартал).

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-194/1.1**
**28.02.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за измена на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Росоман за 2025 година, донесена на 50-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 28.02.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 194/1.2**
**03.03.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 31 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), член 36 од Колективниот договор на Општина Росоман бр.01-523/1 од 30.09.2022 година и член 9 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 50-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Росоман за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџет на Општина Росоман за 2025 година, донесена на ден 30.12.2024 година на одржаната 48-ма седница на Советот на Општина Росоман, во Членот 10 став 1 се менува делот:

“Избраните и именувани лица – Градоначалник, се утврдува коефициент во износ од 2,08 и истиот е определен според бројот на жители на општина Росоман, а вредноста на коефициентот за плата на избраните и именувани лица е просечна исплатена месечна нето плата по вработен за претходната година, согласно Државен завод за статистика“, со :

“Исплатата на платата за избрани и именувани лица ќе се врши согласно одредбите утврдени во Законот за исплата на плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија“.

**Член 2**

Во Одлуката за извршување на Буџет на Општина Росоман за 2025 година, донесена на ден 30.12.2024 година на одржаната 48-ма седница на Советот на Општина Росоман, во Членот 13 се менуваат став 1 и став 2 и гласат:

“Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во износ од двократен износ на просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.“

“На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.“

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување и ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08 – 194/1.2**
**28.02.2025 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 1.3 од утврдениот дневен ред, Предлог – Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци, донесен на 50-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 28.02.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 194/1.3**
**03.03.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 50-та седница одржана на 28.02.2025 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

1. По однос на точка 1.3 од утврдениот дневен ред, Предлог – Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци во областа на располагање со градежно земјиште, поради немање на потребно мнозинство, Советот на општина Росоман не дава согласност за воспоставување на меѓуопштинската соработка.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-194/1.3**
**28.02.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година, донесена на 50-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 28.02.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 194/1.4**
**03.03.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 88 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 50-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година

### Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година изнесува 81,6 денари.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-194/1.4**
**28.02.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно – техничкиот персонал во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година, донесена на 50-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 28.02.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 194/1.5**
**03.03.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 50-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно – техничкиот персонал во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на давателите на услуги и помошно – техничкиот персонал во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2025 година со арх.бр.02-43/1, донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман на седницата одржана на ден 24.01.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-194/1.5**
**28.02.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Росоман, општина Росоман, донесена на 50-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 28.02.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 194/1.6**
**03.03.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Советот на Општина Росоман на 50-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Росоман, општина Росоман

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Росоман, општина Росоман, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: урбанистички проект).

### Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

1. Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 1434/1, КП 1435, КП 1437, КП 1438, КП 1538, КП 1539, дел од КП 1540, дел од КП 1542, КП 1543, КП 1544, КП 1545, КП 1546, КП 1547/1, дел од КП 1547/2, дел од КП 1547/4, дел од КП 1547/5 и дел од КП 1548 КО Росоман, општина Росоман, со тех.бр.122/24 од Јануари 2025 година, изработен од Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ извоз – увоз ДООЕЛ Кавадарци;
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 1434/1, КП 1435, КП 1437, КП 1438, КП 1538, КП 1539, дел од КП 1540, дел од КП 1542, КП 1543, КП 1544, КП 1545, КП 1546, КП 1547/1, дел од КП 1547/2, дел од КП 1547/4, дел од КП 1547/5 и дел од КП 1548 КО Росоман, општина Росоман, потпишана од Инвеститор Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје;
3. Извештај за извршена стручна ревизија на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 1434/1, КП 1435, КП 1437, КП 1438, КП 1538, КП 1539, дел од КП 1540, дел од КП 1542, КП 1543, КП 1544, КП 1545, КП 1546, КП 1547/1, дел од КП 1547/2, дел од КП 1547/4, дел од КП 1547/5 и дел од КП 1548 КО Росоман, општина Росоман со тех.бр.09-09/211 од Јануари 2025 година, изработена од Друштво за проектирање, производство, трговија и услуги ФОРМИ Јорго ДООЕЛ Битола;
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – изработка на ажурирана геодетска подлога со висинска претстава, КО Росоман со деловоден бр.0805-414 од

19.11.2024 година, изработен од Трговско друштво за геодетски работи ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР ДООЕЛ – Кавадарци.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е:

Донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 1434/1, КП 1435, КП 1437, КП 1438, КП 1538, КП 1539, дел од КП 1540, дел од КП 1542, КП 1543, КП 1544, КП 1545, КП 1546, КП 1547/1, дел од КП 1547/2, дел од КП 1547/4, дел од КП 1547/5 и дел од КП 1548 КО Росоман, општина Росоман.

**Член 4**

Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 1434/1, КП 1435, КП 1437, КП 1438, КП 1538, КП 1539, дел од КП 1540, дел од КП 1542, КП 1543, КП 1544, КП 1545, КП 1546, КП 1547/1, дел од КП 1547/2, дел од КП 1547/4, дел од КП 1547/5 и дел од КП 1548 КО Росоман, општина Росоман, со тех.бр.122/24 од Јануари 2025 година, изработен од Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ извоз – увоз ДООЕЛ Кавадарци, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука е графички прилог од Урбанистичкиот проект – план за парцелација М=1:1000.

**Член 6**

Со прикачување во електронска форма на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 1434/1, КП 1435, КП 1437, КП 1438, КП 1538, КП 1539, дел од КП 1540, дел од КП 1542, КП 1543, КП 1544, КП 1545, КП 1546, КП 1547/1, дел од КП 1547/2, дел од КП 1547/4, дел од КП 1547/5 и дел од КП 1548 КО Росоман, општина Росоман, истиот станува составен дел од електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со постапка бр.66502.

**Член 7**

Општина Росоман - Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на КП 1434/1, КП 1435, КП 1437, КП 1438, КП 1538, КП 1539, дел од КП 1540, дел од КП 1542, КП 1543, КП 1544, КП 1545, КП 1546, КП 1547/1, дел од КП 1547/2, дел од КП 1547/4, дел од КП 1547/5 и дел од КП 1548 КО Росоман, општина Росоман, ќе го објави во електронска форма на својата WEB страна.

**Член 8**

Оваа Одлука ја спроведува Одделението за локален економски развој и комунални работи при општина Росоман.

**Член 9**

Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ЛУПД, со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Росоман, општина Росоман, со бр. 08-736/1.17 донесена на 48-та седница на Советот на ден 30.12.2024 година, престанува да важи.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08- 194/1.6**
**28.02.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање на согласност на Програмата за организација и реализација на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за учебната 2024/2025 година, донесено на 50-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 28.02.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 194/1.7**
**03.03.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 точка 29 од Статутот на Општина Росоман (“Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 50-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање на согласност на Програмата за организација и реализација на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за учебната 2024/2025 година**

1. Се дава согласност на Програмата за организација и реализација на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за учебната 2024/2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-194/1.7**
**28.02.2025 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година, донесено на 50-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 28.02.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 194/1.8**
**03.03.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Советот на Општина Росоман на 50-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година**

1. Со ова Решение се усвојува Извештајот (квартален и кумулативен) за финансиското работење на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година со арх.бр.02-24/3 од ден 03.02.2025 година, усвоен со Одлука арх.бр.02-24/9, донесена на седницата на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА“ Кавадарци, одржана на ден 03.02.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-194/1.8**
**28.02.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**